ЗАПИСНИК ЗА ОДРЖАНИ ФОРУМСКИ СЕСИИ
БУЏЕТСКИ ФРУМ 2024 година

Во рамките на партиципативното планирање на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година, на буџетскиот форум, поконкретно на трите форумски сесии, кои се одржаа во периодот од октомври – ноември .2023 година, граѓаните имаа можност со своето партиципативно учество да придонесат во креирањето на Буџетот на општина Делчево за 2024 г. преку давање на нивни предлози – решенија, за тоа што тие сметаат дека е најпотребно и најприоритетно за локалната заедница и го предлагаат да се реализира следната година.

На првата форумска сесија кој се одржа на 24 октомври 2023 беа претставени финансиските капацитети н општина Деелчево, беа презентирани звршените проекти во 2023, тековните проекти и проекти кој се во фаза н реализација. Исто така бе формирани работни маси од нај различни области како што се општинска администрација, месни и урбани зедници, образование, инфраструктура, граѓански сектор, култура спорт и млади.

Втората форумска сесија се рализираше на 10.ноември.2023 во просториите на мултифункционалниот центар во општина Делчево.

На форумската сесија учествуваа претставници од месни и урбани заедници, граѓански органзации, локални институции како и администрацијата од општина Делчево.

Покрај општите презентации на оваа форумск сесија граѓаните од работните маси за животна средина, култура, граѓански сектор, млади и спорт дадоа свои предлог проекти кои што прдлози во продолжение на оваа форумска сесија беа групирани, презентирани од страна на работните маси и на крај прифатени од страна на форумот.

На третата форумска сесија беа приоретизирани 51-те избрани форумски приоритети – проекти, кои форумот ги предложи до општината, за да станат составен дел на буџетот и програмите на општината за следната година

На третата форумска сесија н 6 декември за креирање на Буџетот за наредната 2024 година на која активно учествуваа претставници од месните и урбаните заедници, од граѓанскиот сектор, институции и други заинтресирани граѓани.
Согласно со гласањето според изработената предлог-листа на приоритети од претходните две сесии на која се најдоа 51 приоритетен проект и 18 препораки, изградбата на старечки дом во Делчево е прв приоритет за граѓаните на

Делчево за реализацијата. Според освоените бодови, се селектираше и листа од 10 приоритетни проекти:

- Изградба на старечки дом;
- Изградба на кружни текови во Делчево;
- Изгработка на техничка документација на нов објект-куќа на културата за „Копачката“, Локалниот музеј на Делчево и библиотеката;
- Пристапност со лифтови за ученици со инвалидитет во сите училиште;
- Изградба на тротоар и осветлување од потегот на бензиската пумпа „Дади-компани“ до новиот градски пазар;
- Реконструкција на системите за греење во сите училишта;
- Тампонирање на патот за с. Косово Дабје;
- Асфалтирање пат до маалата во с. Вратиславци;
- Изградба на игралиште со реквизити за деца до 7 години;
- Стипендии на ученици и студенти со телесен инвалидитет.

Инаку, сите предложени 51 проект ќе бидат земени предвид и нивната реализација не зависи од ранг-листата туку од техничката изводливост и финансиските капацитети на Општината.

Со одржувањето на третата форумска сесија заврши форумскиот процес за креирање на буџетот за 2024 година на Општина Делчево во кој активно учествуваа граѓаните.

Целта на организација на форумите е граѓанско учество во процесот на донесување на одлуки, во случајот, приоритетните проекти за реализација за наредната година, а Општина Делчево почитувајќи го гласот и мислењето на граѓаните и анализирајќи ги предложените приоритети ќе ги предвиди за реализација.

Препораките и приоритетните проекти на 6 декември се презентирани и доставени до градоначалникот н општина Делчево Г-дин . Горан Трајковски со цл да се вградат и да бидат дел од општинскиот буџет за 2024 година.

Форумите се во организација на Регионалниот центар за застапување и Општина Делчево.

На форумските сесии учествуваа 116 грѓани претствници д различни сектори од кои 68 беа жени, 48 мажи и 20 млади.

Записничар
Влтко Ангеловски

Оверувачи:
Тони Стоименовски
Даниела Такева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО